# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 14, година LIV**
**Вторник, 10.10.2023**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

### З А К Л У Ч О К
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Градоначалникот на Општина Битола за потпишување на Анекс Меморандум со ДЕУ за соработката за „Јуроп Хаус Битола“**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Градоначалникот на Општина Битола за потпишување на Анекс Меморандум со ДЕУ за соработката за „Јуроп Хаус Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година донесе

### О Д Л У К А
**за давање согласност на Градоначалникот на Општина Битола за потпишување на Анекс Меморандум со ДЕУ за соработката за „Јуроп Хаус Битола“**

**Член 1**

Анекс Меморандумот за соработка кој ќе биде потпишан се однесува на Меморандумот за соработка со ДЕУ за соработката за „Јуроп Хаус Битола“ број 08-222 од 28.02.2023 помеѓу Општина Битола и ДЕУ.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

### З А К Л У Ч О К
**за објавување на Заклучокот за не донесување на Одлуката за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2“**

Се објавува Заклучокот за не донесување на Одлуката за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2“, донесен на седницата на

Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/2
05.10.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за не донесување на Одлуката за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2“

1. НЕ СЕ ДОНЕСУВА Одлуката за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2“.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/4
02.10.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Стратегија за локален економски развој на Општина Битола 2023-2027 година

Се објавува на Заклучокот за усвојување на Стратегија за локален економски развој на Општина Битола 2023-2027 година**,** донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/3
05.10.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Стратегија за локален економски развој на Општина Битола 2023-2027 година

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегија за локален економски развој на Општина Битола 2023-2027 година.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/5
02.10.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за финансисрање и изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програма за финансисрање и изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година**,** донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/4
05.10.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 39 и 40 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на РСМ'' бр. 32/20), член 22, став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Р.М.'' бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („ Службен гласник на Општина Битола''бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата на финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година

1. Во Програмата на финансирање на изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година се врши измена и дополнување и тоа:

Во **точка 2**, со следните точки поединечно:

**2.23** ДУП за дел од четврт центар 4 (Урбан комплекс „Широк Сокак“), блокови: Ц.04.01, Ц.04.02, Ц.04.04, Ц.04.06, Ц.04.07, Ц.04.08 (Вкупна П≈25,52 ha)

**2.24** ДУП за четврт центар 2 (Урбан комплекс „Стара чаршија“), блокови: Ц.02.01, Ц.02.02, Ц.02.03, Ц.02.04, Ц.02.05 (Вкупна П≈17,42 ha)

Во **точка 7**, со следната точка поединечно:

**7.4** УП со план за препарцелација спојување на градежните парцели ГП 51, 52, 53, 71, 72, 73 согласно УПВНМ за Јужна индустриска зона – Жабени (Одлука бр.07-2177/33 од 28.09/2011 год.), Општина Битола;

2. Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за Седумнаесетта измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола

Се објавува Одлуката за Седумнаесетта измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола**,** донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за Седумнаесетта измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола

**Член 1**

Се врши Седумнаесетта измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на Општина Битола.

**Член 2**

Со оваа одлука се враќа точката “Опрема за забава на деца“ (микролокацијата I) – пред спортска сала Партизан , а се додаваат и две точки за „Детски игралишта и опрема за забава на деца“ и „Опрема за спортско рекративни активности“ на КП 16368/1 КО Битола 3 (во населба Областа).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за измени на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023 - 2025 година

Се објавува Програма за измени на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023 - 2025 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за измени на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023 - 2025 година

1. Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2023 до 2025 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2023 до 2025 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2023 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализрање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2025 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма со измените изнесуваат **1.102.968.391,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **169.783.127,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2023год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **630.129.923,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2024год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **303.055.341,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2025год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Во Развојната програма JDS - Изградба и реконструкција на улици и локални патишта **(Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“)** дел од средствата од 2023 година во износ од 100.000,00 денари се префрлаат во 2024 година, со што планираните средства по години изнесуваат во 2023 година - 2.900.000,00 денари, во 2024година - 12.100.000,00денари а во 2025година – 4.407.373,00, заради динамиката на реализација.

Во Буџетската програма GD - Енергетика се додава нова Развојна програма

**- GDL - „Санација на систем за греење во спортска сала „Боро Чурлевски“** заведена под реден број 30 со средства распределени по години како во Прилог 1.

Динамиката на реализацијата на целата програма, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина,

комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“, а ќе се применува до крајот на наредната година, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр.09-130/8
02.10.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

## ПРИЛОГ 1

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ 2023-2025 година

| Ред. бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2023 во ден | Износ за 2024 во ден | Износ за 2025 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | | |
| 1 | | JDA | Реконструкција на коловоз на дел од улица „Довлеџик“ | 703.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | | JDK | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 7.062.267,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | | JDE | Изградба на коловоз на дел од улица „Крушевска Република“ | 12.829.250,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4 | | JDF | Реконстукција на коловоз на улица „Македонска Фаланга“ | 5.095.460,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5 | | JDJ | Реконструкција на коловоз на улица „7-ми Јули“ | 2.400.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6 | | JDP | Реконструкција на коловоз на улица „Наум Наумовски Борче“ | 4.417.026,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | | JDT | Изградба коловоз на улица „СТУ1“ во АРМ Четврт 1 | 4.228.240,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | | JDD | Изградба на коловоз на улица „СРУ5“ во АРМ Четврт1 | 4.583.797,00 | 1.549.913,00 | 0,00 |
| 9 | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“ | 2.900.000,00 | 12.100.000,00 | 4.407.373,00 |
| 10 | | JDN | Реконструкција на паркинг простор кај спортска сала „Боро Чурлевски“ | 1.000.000,00 | 20.965.715,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Бурса“ | 100.000,00 | 26.373.785,00 | 25.000.000,00 |
| 12 | | JDL | Реконструкција на коловоз на улица „Солунска“ II фаза | 1.000.000,00 | 13.342.497,00 | 0,00 |
| 13 | | JDU | Изградба на улична мрежа во с. Егри и с,Лажец | 1.000.000,00 | 6.727.503,00 | 0,00 |
| 14 | | JDO | Изградба на улична мрежа во с. Оптичари | 1.000.000,00 | 4.658.000,00 | 0,00 |
| 15 | | JDC | Изградба на улична мрежа во с, Д,Оризари | 1.000.000,00 | 11.250.000,00 | 0,00 |
| 16 | | JDX | Реконструкција на улична мрежа во нас, место Г,Оризари | 1.000.000,00 | 19.000.000,00 | 0,00 |
| 17 | | JDH | Реконструкција на улицата покрај Св, Неделските гробишта | 1.000.000,00 | 21.302.000,00 | 0,00 |
| 18 | | JDW | Реконструкција на локален пат с, Трново до граница на НП Пелистер | 1.000.000,00 | 9.000.000,00 | 0,00 |
| 19 | | JDQ | Реконструкција на улица Довлеџик со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 30.000.000,00 | 45.577.528,00 |
| | KA | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | | |
| 20 | | KAM | Партерено уредување околу Офицерски дом | 17.055.040,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| 21 | | KAR | Набавка, транспорт и монтажа на канделабри | 5.025.718,00 | 0,00 | 0,00 |
| | LA | | Спорт и рекреација (Капитални трошоци) | | | |
| 22 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 26.618.332,00 | 8.000.000,00 | 0,00 |
| 23 | | LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 500.000,00 | 105.650.000,00 | 78.350.000,00 |
| 24 | | LAT | Поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности, потег Тумбе Кафе од делот кај ЗОО | 5.000.000,00 | 6.596.320,00 | 0,00 |
| 25 | | LAE | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ„Елпида Караманди“ | 1.000.000,00 | 15.000.000,00 | 16.150.780,00 |
| 26 | | LAV | Реконструкција на спортски игралишта во Брусничка населба | 100.000,00 | 2.600.000,00 | 0,00 |
| 27 | | LAN | Изградба на атлетска патека на стадион „Тумбе Кафе“ | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 30.000.000,00 |
| | GD | | Енергетика | | | |
| 28 | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 0,00 | 58.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| 29 | | GDP | Реконструкција на улично осветлување на ул. Довлеџик со кружен тек (Влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 7.500.000,00 | 7.987.400,00 |
| 30 | | GDL | Санација на систем за греење во спортска сала „Боро Чурлевски“ | 100.000,00 | 5.000.000,00 | 4.900.000,00 |
| | VA | | Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца) | | | |
| 31 | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 19.839.407,00 | 40.000.000,00 | 0,00 |
| | JI | | Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води | | | |
| 32 | | JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | 3.000.000,00 | 7.533.783,00 | 5.000.000,00 |
| 33 | | JIR | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Солунска“ II фаза | 1.200.122,00 | 9.641.040,00 | 0,00 |
| 34 | | JIE | Реконструкција на канализациона мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 1.000.000,00 | 17.218.255,00 | 0,00 |
| 35 | | JIP | Изведба на канализаци, колектор и градба за прочистување на отпадни води во НП „Пелистер“ | 2.000.000,00 | 5.705.673,00 | 0,00 |
| 36 | | JIJ | Изфрадба на фекална и атмосверска канализација на ул. Довлеџик со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 9.099.496,00 | 9.099.496,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 37 | | JIF | Реконструкција на канализациона мрежа на улична мрежа во населба Горно Оризари | 100.000,00 | 10.050.000,00 | 10.050.000,00 |
| | JG | | Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување | | | |
| 38 | | JGM | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“ | 2.937.733,00 | 0,00 | 0,00 |
| 39 | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Стив Наумов“ | 3.000.000,00 | 7.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| 40 | | JGS | Изградба на водоснабдителен систем од граница на ГУП до с, Брусник | 1.500.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| 41 | | JGB | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Солунска“ II фаза | 1.278.735,00 | 2.166.525,00 | 0,00 |
| 42 | | JGV | Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 1.000.000,00 | 17.100.000,00 | 0,00 |
| 43 | | JGJ | Изградба на водоводна мрежа на ул. Довлецик со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 3.000.000,00 | 2.566.057,00 |
| 44 | | JGR | Реконструкција на водоводни приклучоци во населба Горно Оризари | 100.000,00 | 1.606.663,00 | 0,00 |
| | WA | | Изградба на други објекти (Противпожарна заштита) | | | |
| 45 | | WAA | Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ | 2.150.000,00 | 28.600.000,00 | 0,00 |
| | JL | | Изградба на други објекти | | | |
| 46 | | JLA | Изградба на парк | 14.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 47 | | JLB | Адаптација на објект за ветеринарна заштита – прифатилиште за кучиња | 5.000.000,00 | 41.586.092,00 | 0,00 |
| 48 | | JLJ | Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување | 1.000.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 |
| 49 | | JLR | Реквизити (детски играчки и справи) за парк Педагошка | 2.559.000,00 | 1.600.000,00 | 0,00 |
| | | | Вкупно по години: | 169.783.127,00 | 630.129.923,00 | 303.055.341,00 |
| | | | Сè вкупно: | 1.102.968.391,00 | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ„Естреја Овадија Мара“ Битола за 2022/2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ„Естреја Овадија Мара“ Битола за 2022/2023 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13..236/22) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/2019, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ„Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2022/2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на ЈОУДГ„Естреја Овадија - Мара“

Битола за 2022/23 година, предложен од Управниот одбор на Установата, Бр.02-391/6 од 20.09.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишната програма за работата на ЈОУДГ„Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2023/2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишната програма за работата на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2023/24 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13...236/22) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/2019, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната Програма за работата на ЈОУДГ„Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2023/2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната Програма за работата на ЈОУДГ „Естреја Овадија - Мара“ Битола за 2023/2024 година предложена од Управниот одбор на Установата, бр.02-391/7 од 20.09.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен

гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за добивање согласност на број на деца кои ќе бидат згрижени во воспитни групи за деца во ЈОУДГ ,,Естреја Овадија Мара“ Битола

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за добивање согласност на број на деца кои ќе бидат згрижени во воспитни групи за деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година..

Бр. 08-1051/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.23/13...236/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за добивање согласност на број на деца кои ќе бидат згрижени во воспитни групи за деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за добивање согласност за број на деца кои ќе бидат згрижени во воспитните групи за деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола бр.02-391/8 од 20.09.2023 година донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола.

2. Решението влегува во сила објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одјавување на возила во сопственост на Општина Битола

Се објавува Одлуката за одјавување на возила во сопственост на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година..

Бр. 08-1051/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) и член 40 став 1 точка 1 од Закон за возила („Службен весник на РМ“ бр. 140/2008, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.161/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одјавување на возила во сопственост на Општина Битола

### Член 1

Со оваа одлука да се изврши одјавување на неупотребливи возила во сопственост на Општина Битола со реден број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 11, 13 и 14 наведени во Извештај за утврдување на неупотребливи возила, машини и други предмети од железо во дворот на Општина Битола со бр.08-288/2 од 20.03.2023, Записник од комисија за утврдување на неупотребливи возила, машини и други предмети од железо во дворот на Општина Битола со бр.08-288/3 од 21.03.2023 и Предлог за донесување на Одлука за отту́ѓување на неупотребливи основни средства,

возила и други предмети од железо во кругот на зградата на Општинската администрација сопственост на Општина Битола со бр.08-288/4 од 23.03.2023 година, донесени од Комисиија за утврдување на неупотребливи основни средства, возила и други предмети од железо во кругот на зградата на Општинската администрација формирана со решение со бр.08-288/1 од 15.03.2023 година.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да поднесе барање за одјавување на возилата од членот 1 на оваа одлука до органот каде е извршена нивната регистрација.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на времено користење на движни ствари без надоместок сопственост на Општина Битола на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на движни ствари без надоместок сопственост на Општина Битола на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година..

Бр. 08-1051/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија бр.78/15,106/15, 153/2015, 190/16 и 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 год., донесе

## О Д Л У К А
## за давање на времено користење на движни ствари без надоместок сопственост на Општина Битола на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола му се даваат на времено користење движни ствари, мерач на звук (бучава) тип „Delta – OHM HD 2110L HD 2020“, со шифра „**HD2110L**: 14121033707 **HD2110PEL**:14009942 **MC 21 E**:147543 **HD 2020**:14028666 и софтвер за мапирање и предвидување на бучава, тип Bruel&Kjaer Predictor – LimA Software Suite Type 7810 version 9.1 со шифра 67722684.

**Член 2**

Движните ствари од член 1 од ова Одлука се даваат на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола без надоместок на времено користење за период од пет години.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор за времено користење на движни ствари со ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-130/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС-ОН Битола во текот на првото полугодие од 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС-ОН Битола во текот на првото полугодие од 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023.

Бр. 08-1051/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за полиција („Сл.Весник на РМ“ бр.114/2006.. ..64/2018 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.294/2021 и 89/2022) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОС-ОН Битола во текот на првото полугодие од 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОС-ПН Битола во текот на првото полугодие од 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со *објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за учебната 2022/2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за учебната 2022/2023, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95....64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/2020), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот Извештај за работата на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за учебната 2022/2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“Битола за учебната 2022/2023 година, предложен од Училишниот одбор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“Битола.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“ Битолаза учебната 2022/2023 година

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“ Битола за учебната 2022/2023, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работа на СОЕУ„Јане Сандански“ Битолаво учебната 2022/2023 година

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работа на СОЕУ„Јане Сандански“ Битола за учебната 2022/2023, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95....64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/2020), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### за усвојување Годишниот Извештај за работата на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“ Битола за учебната 2022/2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на ОСМУ„ Д-р Јован Калаузи“ Битола за учебната 2022/2023 година, предложен од Училишниот одбор на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95....64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/2020), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### за усвојување Годишниот Извештај за работата на СОЕУ„Јане Сандански“ Битола за учебната 2022/2023 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на СОЕУ„Јане Сандански“ Битола за учебната 2022/2023 година, предложен од Училишниот одбор на СОЕУ„Јане Сандански“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на СОЗУ„Кузман Шапкарев“ Битола за учебната 2022/2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на СОЗУ„Кузман Шапкарев“ Битола за учебната 2022/2023, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за работата на СОТУ„Ѓорги Наумов“ 1Битола за учебната 2022/2023 година**

Се објавува Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за работата на СОТУ „Ѓорги Наумов“ Битола за учебната 2022/2023, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95....64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/2020), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот Извештај за работата на СОЗУ„Кузман Шапкарев“ Битола за учебната 2022/2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на СОЗУ„Кузман Шапакрев“Битола за учебната 2022/2023 година, предложен од Училишниот одбор на СОЗУ„Кузман Шапкарев“ Битола.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95....64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/2020), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Годишниот Извештај за работата на СОТУ„Ѓорги Наумов“Битола за учебната 2022/2023 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на СОТУ„Ѓорги Наумов“ Битола за учебната 2022/2023 година, предложен од Училишниот одбор на СОТУ„Ѓорги Наумов“Битола.
2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на СОУ„Таки Даскало“ Битола за учебната 2022/2023 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на СОУ „Таки Даскало“ Битола за учебната 2022/2023, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95....64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/2020), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот Извештај за работата на СОУ„Таки Даскало“ Битола за учебната 2022/2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работата на СОУ„Таки Даскало“ Битола во учебната 2022/2023 година, предложен од Училишниот одбор на СОУ„Таки Даскало“ Битола.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 55 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05,17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21) а во врка со член 50 став 1 алинеа 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 54 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05,17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола донесе

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Битола

1. СЕ ЗАПИРА објавувањето на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општината Битола за 2024 година бр.09-130/21, донесена од страна на Советот на Општина Битола на 32-та седниица одржана на ден 02.10.2023 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 51 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), во рамките на надлежностите на градоначалникот, се утврдени и обврските за контролирање на законитоста на прописите на советот (став 1 точка 2) и објавувањето на прописите на советот во службеното гласило (став 1 точка 3). Во овој контекст, а согласно член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа, ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

На 32-та редовна седница на Советот на Општина Битола, одржана на 02.10.2023 година расправајќи за Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општина Битола за 2024 година, донесе Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општината Битола за 2024 година бр.09-130/21, која се изгласа со вклучен амандман, односно со изменето нула број на вработени со исклучок на работните места кои се предвидени за пожарникарите.

Согласно член 20-б став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.143/2019, 14/2020), Функционерот кој раководи со институцијата е должен, најдоцна до 1 септември во тековната година, да изготви предлог план, кој заедно со предлог на буџетското барање го доставува на согласност до органот надлежен за буџетот на институцијата.

Согласно член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, органите надлежни за буџетот на институцијата се должни да дадат согласност,

односно да дадат забелешки во однос на предлог планот најдоцна во рок од еден месец од приемот на предлог планот.

Согласно член 20-б став 3, функционерот кој раководи со институцијата е должен да постапи по забелешките дадени од органот надлежен за буџетот, односно да го усогласи предлог планот.

Согласно член 20-б став 10, доколку органот надлежен за буџетот на институцијата или Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците или Министерството за информатичко општество и администрација не постапат по барањето за согласност во роковите утврдени во ставовите (2), (6) и (8) на истиот член, ќе се смета дека согласноста е дадена.

Предлог планот за вработување во општинската администрација на Општина Битола за 2024 година беше пуштен до советот на 31.08.2023 година при што рокот согласно член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор истекуваше до 30.09.2023 година што значи дека согласно член 20-б став 10, согласноста во врска со предлог планот е дадена.

Дополнително, членовите на Советот на Општина Битола имаа можност да дадат согласност или да дадат забелешки во однос на предлог годишниот план за вработување при што доколку за истиот се предложени забелешки, тогаш Градоначалникот е должен да постапи по забелешките дадени од Советот на Општина Битола односно да го усогласи предлог планот.
По усогласувањето на предлог планот, Градоначалникот е должен веднаш, а најдоцна во рок од еден месец по усогласувањето на предлог планот да го донесе планот и истиот да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-1075/1
10.10.2023 г.
Битола

Општина Битола
Градоначалник
Тони Коњановски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14..14/20) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општината Битола за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување во општинската администрација на Општината Битола за 2024 година, со вклучен амандман, односно со изменето нула број на вработени со исклучок на работните места кои се предвидени за пожарникарите.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-130/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК" - Битола за 2024 година

Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК" - Битола за 2024 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14...14/20) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 02.10.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Годишниот план за вработување 2на МЈП „ПЕЛАЛИНК" - Битола за 2024 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК" - Битола за 2024 година, бр.04-38 од 29.08.2023 година.
2. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-130/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во ООУ „Елпида Караманди" Битола за 2024 година

Се објавува Решението за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во ООУ „Елпида Караманди" Битола за 2024 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

Бр. 08-1051/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
05.10.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 02.10.2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во ООУ „Елпида Караманди“ Битола за 2024 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на измена на Годишниот план за вработување Бр.01-531/2 од 15.09.2023 год. на ООУ „Елпида Караманди“ Битола за 2024 година.

2. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-130/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.10.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за не давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместок за користење на услугите што ги врши ЈП „Пазари“ - Битола

Се објавува Решението за не давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместок за користење на услугите што ги врши ЈП „Пазари“ - Битола , донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 02.10.2023 година.

